РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 03-02-2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 851 | 1 | |


Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. Програмскиот надзор се врши како: **контролен**

2. Субјект на надзорот: **Друштво за производство, трговија и услуги БТВ-НЕТ увоз-извоз ДОО Битола**

3. Надзорот е спроведен на **03.02.2015 година**.

4. Надзорот се врши со цел да се констатира дали операторот постапил по Решението за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси бр.11-641 од 17.12.2014 година, кое беше издадено врз основа на претходно извршен програмски надзор спроведен на ден 15.12.2014 година (Писмен извештај за извршен програмски надзор бр. 11-641 од 17.12.2014 година).

5. Претходно изречени мерки: Решение за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси бр.11-641 од 17.12.2014 година издадено врз основ на Извештај бр.11-6304/1 од 17.12.2014 година. Решението е уредно примено на 18.12.2014 година.

6. Констатации од извршениот надзор: По спроведениот увид во документацијата за регистрација на пакет програмски сервиси е констатирано дека операторот постапил во целост по упатеното Решение. Имено, по издаденото Решение, операторот во Агенцијата поднел уредна и целосна Пријава за регистрација на програмските сервиси наведени во Решението, по што Агенцијата издала Потврда за регистрирање на аналоген програмски пакет (арх бр.11-680 од 19.12.2014 година).